**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**
***Одделение за урбанизам, зжс***
***и комунални дејности***
**Број 11-382/4 од 01.07.2022 год**

Врз основа на член 50 и член 63 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02), член 15 став 1 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар (03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 07/21) и член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20), Градоначалникот на Општина Демир Хисар , по доставен Записник и Предлог за одобрување на Проектна програма од страна на Комисијата за урбанизам, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Се одобрува Проектна Програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13-фотоволтаична електрана на КП бр.4960 и КП бр.4961, КО Сопотница, општина Демир Хисар.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Инвеститорот Друштво за производство, трговија и услуги ММ СОЛАР ДОО Увоз Извоз Битола, со седиште на ул.„Браќа Мингови” бр.29/локал 6-АВРА,Битола, преку овластениот застапник Друштво за проектирање, производство, трговија и услуги ФОРМИ ДООЕЛ, ул.Арсение Јовков бр.28, Битола. поднесе барање преку информацискиот систем е-урбанизам со број 11-382/1 од 31.03.2022 година, за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13- фотоволтаична електрана, изработена од Друштво за проектирање, производство, трговија и услуги ФОРМИ ДООЕЛ Битола, кое поседува лиценца за изработка на Урбанистички планови број 0106, издадена од Министерство за транспорт и врски на 13.02.2019 година , со важност до 13.02.2026 година.

Со барањето ја приложи следната документација:

1. Предлог проектна програма потпишана и заверена од инвеститор сотех.бр. 11-11/10 од март 2022 година
2. Графички прилог со исцртан плански опфат на ажурирана геодетска подлога
3. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени – ажурирана геодетска подлога, дел. бр. 08-37/4 од 28.02.2022
4. Известување за електронска заверка на геодетски елаборат со бр.1110-3/2022 од 28.02.2022 година.
5. Услови за планирање на просторот издадени од АПП Y16322 од јуни 2022 година

6.Решение за услови за планирање на просторот со Арх.бр. УП1-15 1092/2022 од 09.06.2022 издадено од МЖСПП- Сектор за просторно планирање
7.Изјава за финансирање заверена на нотар со бр. УЗП 683/2022 од 07.03.2022 год.
8.Полномошно од инвеститор заверено на нотар со бр.УЗП 682/2022 од 07.03.2022 год.
9.Извод од катастарски план за КП бр.4960 и КП бр.4961
10.Имотен лист за КП бр.4960 и КП бр.4961

Комисијата за урбанизам на Општина Демир Хисар, формирана со Решение бр. 08-1125/1 од 19.11.2021 година, согласно член 38 став 8 и член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање достави до Градоначалникот Предлог за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13- фотоволтаична електрана на КП бр.4960 и КП бр.4961, КО Сопотница, општина Демир Хисар.
Врз основа на изнесеното, а согласно член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: Против ова Решение незадоволната странка може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението, преку овој орган до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

***Изработил*:Катерина Радовска**
***Одобрил:* Соња Наумовска**

Sonja Naumovska

Digitally signed by Sonja Naumovska
DN: C=MK, OU=VAT - 4010004103602, OID.2.5.4.97=NTRMK-6011012, O=Opstina Demir Hisar, SERIALNUMBER=173211, T=Rakovoditel na oddelenie za urbanizam, SN=Naumovska, G=Sonja, CN=Sonja Naumovska
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2022-07-15 11:58:05

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник**
**Никола Најдовски**